БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

РАЗВОЈ

ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

# ПРОМОВИРАМЕ ДОБРА ПРАКСА И ИСКУСТВА ОД КОРИСТЕЊЕ НА ГРАНТОВА ШЕМА



Весна Ристовска - Проект менаџер

Почнувајќи од 1-ви Јануари 2019 година, во рамките на проектот "Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ", се започна со имплементација на акциите на кои им беше доделен субгрант. Проектот е финансиран од Европската Унија. Вкупно десет (10) граѓански организации и здруженија добија грант во рамките на програмата за суб-грантирање.

Весна Ристовска, менаџер на проектот зборува за придобивките и предизвиците при спроведување на грантовата шема. Градењето на капацитетите на граѓанските организации со доделувањето на подграntови им овозможија на локалните организации да работат на одредени прашања од областа безбедноста и здравјето при работа што ги засегаат заедниците во коишто работат, поставувајќи добар пример за овозможувањето на развојот на граѓанското општество. Регрантирањето овозможи многу научени лекции за организациите и преку наша менторска подршка работевме во насока на добро управување и одговорност , транспарентност, отчетно работење и видливост на резултатите , тематско вмрежување, партнерства и комуникација со членството и заедницата. Ристовска истакнува дека цел на оваа програма е преку зголемени организациски капацитети на организациите да видиме влијателно граѓанското општество подготвено за спроведување на клучните реформи за заштита при работа и условите за работа, како подршка на нашата земја во процесите за пристапување кон ЕУ.

Во ова издание ви ги презентираме резултатите од досегашната имплементација на три суб-грантирани акции, во имплементација на Асоцијација за правно-економски истражувања и едукација- ЈУРИДИКА, Синдикатот за индустрија, енергетика и рударство (СИЕР) и Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС).

JURIDICA association of legal & economic researches & education

СИЕР СИНДИКАТ НА ИНДУСТРИЈА, ЕНЕРГЕТИКА И РУДАРСТВО НА МАКЕДОНИЈА

КСС

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ за ТЕБЕ

Овие грантисти спроведува:

- 2 темелни дводневни обуки и едуцирани 10 синдикални и претставници на работниците по БЗР при Синдикатот за индустрија, енергетика и рударство со цел да бидат оспособени за утврдување на целокупната тековна состојба од областа на БЗР
- 3 дводневни обуки за безбедност и здравје при работа за членови на комисијата за БЗР при Конфедерација на слободни синдикати
- Испорачани 3 еднодневни работилници за колективно договарање и едуцирани 11 претставници на вработените, 26 членови на здружението Јурдика, 13 преставници на работодавачите, опфатени 3 синдикати, 2 социјални партнери и 1 државна институција





**_Проект: „Колективните договори – клуч за успешен систем на безбедност и здравје при работа“_**

**_Спроведувач: Асоцијација за правно-економски истражувања и едукација-ЈУРИДИКА_**

Споделуваме информации од одржана обука за колективното преговарање и колективните договори. Обуката беше наменета за млади правници, волонтери, и членови на тимот на Јуридика. Присутните на оваа тренинг обука беа обучени за мерките за безбедност и здравјето при работа, низ призма на нивно имплементирање во колективните договори и преговори. На тренинг обуката беа предочени конкретни примери од праксата со кои се соочуваат работниците и работодавачите, како и кратки симулирани вежби за препознавање на слабите и јаките страни на еден Колективен Договор и едно колективно преговарање. Тренинг обуката ја оддржаа предавачи со долгогодишно искуство во теорија и пракса од полето на колективните договори и колективните преговарања. Учесниците стекнатите знаења ќе ги насочат кон зајакнување на своите капацитети, во насока на понатамошен придонес кон проектот. Со зајакнатите капацитети кои ги стекнаа присутните на оваа обука, истите директно ќе се вклучат со идеи за изготвување на колективни договори за компании, како и со мислења и анализи на веќе постоечки колективни договори, и предлози за евентуална промена на истите.

Добро искуство и стекнати знаења пренесуваме од втората одржана работилница за јакнење на капацитетите на работодавачите преку имлементирање на системот на БЗР во колективните договори.

Гости на работилницата беа работодавачи, како и студенти, кои своите претходно стекнатите знаења и капацитети, ги пренесоа низ дискусија со панелистите. На работилницата се дискутираше на неколку суштински прашања како панел рамка за панелистите – излагачи, но исто така и со просторот за дискусија и заклучоци се отворија и други теми, поенти и заклучоци за системот на Безбедноста и здравјето при работа низ призма на негова примена преку колективните договори. Присутните работодавачи се вклучија низ дискусија при што ги споделуваа своите моменти кои што ги имаат со своите вработени а во насока на Безбедноста и здравјето при работа.

Во рамки на овој проект беше одржана и трета национална работилница. На работилницата активно учество завземаа излагачи – експерти од областа на Колективните договори, претставници од синдикати, како и претставник од Министерството за труд и социјална политика. Овој настан се покажа како доста успешен, и со дискусија претставниците на работниците ги изложија своите проблеми со кои се соочуваат во рамки на системот на Безбедност и здравје при работа, како и евентуални решенија по повод на истите.

Повеќе информации за спроведените активности во рамките на оваа суб-грантирана акција можете да најдете на веб страната на асоцијацијата: http://juridica.mk/



СИНДИКАТ НА ИНДУСТРИЈА, ЕНЕРГЕТИКА И РУДАРСТВО НА МАКЕДОНИЈА

***Проект: „Со стратешки пристап до подобра безбедност и здравје при работа"***

***Спроведувач: Синдикат за индустрија, енергетика и рударство- СИЕР***

Со цел успешно спроведување на проектот Претседателството на СИЕР формира работна група-комисија која треба да помине специјална обука – тренинг и е одговорна за спроведување на сите активности во проектот.

Како активности во проектот предвидени се образовни активности (семинари), дефинирање на интерни правила и процедури, изработка на прирачник за сендикалните и претставниците на работниците по БЗР, изготвување на унифициран предлог за содржина на колективен договор – поглавје по БЗР, посета на сите синдикални организации и изготвување на дата база со податоци за состојбата во секоја од нив.



Во рамки на своите активности беа одржани два семинара во Охрид. Обуката ја спроведуваа висококвалификувани и лиценцирани стручни лица по БЗР, како и искусни претставници по БЗР од синдикатот 3Ф од Данска. Со тоа, претставниците на СИЕР не само што се здобија со теоретски знаења во врска со регулативата по БЗР, туку имаа можност низ практични вежби да видат како регулативата се применува во пракса и да разменуваат искуства со колегите од Данска добивајќи информации како тие практично ја обавуваат својата работа.

Следниот семинар ќе биде одржан до крајот на овој месец, по што ќе се премине кон подготовка на другите документи и исполнивање на останатите предвидени активности во проектот.

Повеќе информации за спроведените активности во рамките на оваа суб-грантирана акција можете да најдете на следниов линк: http://www.sier.org.mk/index.php/component/content/article/2-sodrzina/120-sier-zapocna-so-realizacija-naproektot-pobezbednosti-i-zdravje-pri-rabota

***Проект: „ Безбеден работник е почитуван работник"***

***Спроведувач: Конфедерацијата на слободни синдикати- КСС***

Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија одржаа три дводневни работилници за безбедност и здравје при работа во склоп на проектот кој го води. Проектот се состои од повеќе активности и работилници за зголемување на капацитетите на синдикатот и подигање на свеста на работниците за тоа колку е важно да се применуваат мерките и прописите од страна на работниците, но и од страна на работодавачите.

На работилницата се дискутираше за законот за безбедност и здравје при работа, состојбите на терен, улогата на синдикалните претставници и беа изнесени ставови од страна на присутните. Потоа следуваше дискусија за примери од пракса и за тоа какви мерки треба да се преземат за заштита при работа, справување со повредите на работното место и на крајот имаше дискусија и донесување на заклучоци.

На работилниците учествуваа претставници од гранските синдикати на КСС, а предавач на работилницата беше експерт по безбедност и здравје при работа.

Беа донесени заклучоци за тоа



дека оваа тема треба да се третира почесто од страна на синдикатите, работодавачите и Владата, но секако и од страна на медиумите за да се крева свеста и со тоа да се спречат несаканите последици.

Повеќе информации за спроведените активности во рамките на оваа суб-грантирана акција можете да најдете на следниов линк: www.kss.mk

